*Напомена: Преводот на овој пропис го обезбеди Републичката изборна комисија, со цел на сите заинтересирани да им се олесни учеството на изборите за национални совети на националните малцинства. Овој превод не се смета како официјален правен акт и во случај на било какво несогласување, меродавен е единствено текстот на прописот на српски јазик.*

# УПАТСТВО
## за спроведување на електорско собрание за избор на членови на националните совети на националните малцинства*

(пречистен текст)

**Член 1.**

(1) Со ова упатство се уредува начинот на спроведување на електорското собрание во постапката за избор на членови на националните совети на националните малцинства.

(2) Електорското собрание избира членови на националниот совет ако не се исполнети условите за директни избори за членови на националните совети на националните малцинства и ако, во случај на распуштање на националниот совет на националното малцинство, новите избори се распишани во рок од 60 дена од распуштањето на националниот совет на националното малцинство.

**Член 2.**

(1) Изборите на електорското собрание ги спроведува одбор од три члена, којшто го именува Републичката изборна комисија од редот на познавачите на изборните постапки (во натамошниот текст: Одбор).

(2) Републичката изборна комисија (во натамошниот текст: Комисија) именува членови на Одборот во рок од три дена од кога од министерството под чија надлежност се работите за човекови и малцински права (во натамошниот текст: Министерство) ќе прими известување за тоа дека за електорското собрание е потврден доволен број на електори пропишани со закон.

(3) Членовите на Одборот имаат право на надомест за работа во Одборот чиј износ го утврдува Комисијата.

(4) Условите за работа на Одборот, вклучувајќи ги и средствата за надомест од став 3 од овој член и другите трошоци за работа на Одборот, ги обезбедува Комисијата.

**Член 3.**

(1) Изборните акти на електорското собрание се заведуваат во деловодникот на Комисијата.

(2) Актите на одборот се заверуваат со печат на Комисијата.

---

* „Службен весник на РС“, број 60/18

**Член 4.**

(1) Електорското собрание се одржува ако Министерството го потврдило со закон пропишаниот минимален број на електори, и тоа:

1) најмалку 20 електори кај националните малцинства чиј број според последниот попис на населението изнесува помалку од 10.000 лица;

2) најмалку 30 електори кај националните малцинства чиј број според последниот попис на населението изнесува повеќе од 10.000 лица, но помалку од 20.000 лица;

3) најмалку 45 електори кај националните малцинства чиј број според последниот попис на населението изнесува повеќе од 20.000 лица, но помалку од 50.000 лица;

4) најмалку 60 електори кај националните малцинства чиј број според последниот попис на населението изнесува повеќе од 50.000 лица, но помалку од 100.000 лица;

5) најмалку 100 електори кај националните малцинства чиј број според последниот попис на населението изнесува повеќе од 100.000 лица.

(2) Во случај да не биде потврден најмалиот број на електори од став 1 од овој член, Министерството, 25 дена пред денот на одржување на електорското собрание, донесува решение за прекин на постапката за избор на членови на националниот совет, кое го објавува во „Службен весник на Република Србија“.

**Член 5.**

Доколку Министерството потврдило доволен број на електори во смисол на член 4 од ова упатство, односно ако се исполнети условите за одржување на електорско собрание, за да може на електроското собрание да се одржат избори за членови на националниот совет, потребно е на електорското собрание да дојдат најмалку половина од потврдените електори, а не помалку од минималниот број од член 4 од ова упатство.

**Член 6.**

(1) По отворањето на електорското собрание, Одборот го констатира и соопштува бројот на присутните електори, врз основа на листата со електори чија електронска пријава е потврдена, која Министерството ѝ ја доставило на Комисијата.

(2) Одборот го утврдува идентитетот на електорот со увид во неговата лична карта.

(3) Освен со лична карта, својот идентитет електорот може да го докаже и со важечка патна исправа (пасош).

(4) Присутен електор се смета електорот којшто ќе дојде на електорското собрание и своето присуство ќе го пријави до времето одредено за почеток на електорското собрание.

(5) По констатирањето на бројот на присутните електори, повеќе не е возможно пријавување на присуство на електори.

(6) Доколку не се исполнети условите за одржување на електорското собрание, во смисла на потребен број на присатни електори,

Одборот го заклучува електорското собрание и веднаш потоа донесува решение за прекин на постапката за избор на национален совет.

(7) Во случај да е присатен доволен број на електори, Одборот констатира дека се исполнети условите да се пристапи кон изборот на членови на националниот совет и го соопштува бројот на членови на националниот совет којшто се избира и најмалиот број на електори кои можат да предложат листа со кандидати. Потоа, Одборот ги повикува електорите да поднесат листа со кандидати за членови на националниот совет и одредува пауза за предлагање на листи со кандидати.

(8) Паузата за предлагање на листи со кандидати не може да трае подолго од четири часа.

**Член 7.**

(1) Листата со кандидати за членови на националниот совет на националното малцинство (во натамошниот текст: Листа со кандидати) може да ја предложи најмалку една четвртина од присатните електори.

(2) Листата со кандидати се поднесува на образец којшто е пропишан од Комисијата, а податоците се запишуваат на српски јазик, според српскиот правопис. Името и презимето на кандидатот можат да бидат наведени и според правописот и писмото на националното малцинство.

(3) На листата со кандидати мора да се наоѓа најмалку една третина кандидати од бројот на членовите на националниот совет којшто се избира, а најмногу онолку кандидати колку што се избираат членови на националното малцинство.

(4) На листата со кандидати мора да биде одреден електор којшто е носител на листата со кандидати.

(5) Носителот на листата со кандидати се смета како застапник на предлагачите на листата со кандидати.

(6) На листата со кандидати меѓу секои три кандидати по редослед на листата (првите три места, вторите три места и така до крајот на листата) мора да има најмалку по еден кандидат – припадник на полот кој е помалку застапен на листата.

(7) Електорот може да учествува во предложување само на една листата со кандидати.

(8) Доколку истиот електор се наоѓа помеѓу предлагачите на повеќе листи со кандидати, ќе се смета дека учествувал во предлагање на онаа листа со кандидати која е порано поднесена.

**Член 8.**

(1) Кандидатот за член на националниот совет на листата со кандидати може да биде електор или избирач запишан во посебна избирачка листа на националното малцинство чиј национален совет се избира.

(2) Доколку на листата со кандидати се наоѓа избирач или електор кој не се смета присатен во смисол на член се 6 став 5 од ова упатство, кон листата со кандидати се приложува заверена изјава на

избирачот, односно електорот за прифаќање на кандидатура за член на националниот совет, на образец пропишан од страна на Комисијата. Со оваа изјава избирачот, односно електорот прифаќа определениот електор да го стави во Листата со кандидати во чие предлагање учествува тој електор.

(3) Електорите коишто се сметаат присатни во смисол на член 6 став 5 од ова упатство не доставуваат изјава за прифаќање на кандидатура, туку нивниот потпис помеѓу предлагачите на листата со кандидати се смета за прифаќање на кандидатурата.

(4) Доколку на листата со кандидати се наоѓа електор којшто се смета присатен, а не е потпишан како еден од предлагачите на листата со кандидати, ќе се смета дека листата со кандидати содржи недостаток којшто е пречка за нејзиното прогласување.

**Член 9.**

(1) По истекот на паузата одредена за предлагање на листата со кандидати, Одборот го констатира бројот на поднесени листи со кандидати и при тоа ги соопштува имињата на кандидатите по листите со кандидати, како и имињата на електорите коишто ја поддржале секоја листа со кандидати. Потоа, Одборот ги повикува присатните електори да доставаат евентуални примедби на поднесените листи со кандидати.

(2) Доколку не е поднесена ниту една листа со кандидати, Одборот го заклучува електорското собрание и веднаш потоа донесува решение за прекин на постапката за избор на национален совет.

(3) Доколку е поднесена најмалку една листа со кандидати, Одборот одредува пауза поради проверка на исполнетоста на условите поднесените листи со кандидати да бидат прогласени.

(4) Во постапката на проверка од став 3 од овој член, на Одборот му помага претставник на министерството надлежно за водење на посебна избирачка листа на националното малцинство, поради проверка дали се запишани кандидатите за членови на националнниот совет во посебна избирачка листа на националното малцинство чиј национален совет се избира.

**Член 10.**

(1) По извршената проверка на поднесените листи со кандидати, Одборот соопштува која листа со кандидати ги исполнува, односно не ги исполнува условите за прогласување.

(2) По соопштувањето од став 1 од овој член, повеќе не е возможно повлекување на кандидатурата, односно на потписите за поддршка на листата со кандидати.

**Член 11.**

(1) Во случај некоја листа со кандидати да содржи недостаток за прогласување (листата со кандидати не ја предложил доволен број на електори, листа со кандидати не ги исполнува условите во поглед на број на кандидати и/или застапеност на помалку застапениот пол на листата со кандидати, не е доставена заверена изјава на избирачите, односно електорот дека ја прифаќа кандидатурата, или доставената изјава не е уредно пополнета и/или заверена, или предложениот кандидат не е

запишан во посебна избирачка листа на националното малцинство чијшто национален совет се избира, или на листата со кандидати се наоѓа електор којшто се смета присатен, а не е помеѓу предлагачите на листата со кандидати), Одборот со заклучок му налага на носителот на листата со кандидати во рок од еден час да ги отстрани констатираните недостатоци.

(2) Недостатоците на изборната листа се отстрануваат преку дополнување на листата со кандидати до потребниот број на кандидати, преку промена на редоследот на кандидати на листата со кандидати, или преку повлекување на кандидати од листата со кандидати.

(3) По истекот на рокот за отстранување на недостатоците, Одборот констатира дали носителот на листата со кандидати постапил по заклучокот за отстранување на недостатоци и донесува решение за прогласување на листата со кандидати или решение за нејзино одбивање.

**Член 12**

(1) Одборот ја прогласува листата со кандидати коишто ги исполнуваат условите за прогласување, според редоследот на нивното поднесување и за тоа донесува решение со кое се утврдува редниот број на секоја од листата со кандидати.

(2) При прогласувањето на листата со кандидати, Одборот ги соопштува имињата на кандидатите на листата со кандидати.

(3) По прогласувањето на листата со кандидати, повеќе не е возможно нејзино повлекување.

**Член 13.**

Ако бројот на кандидати на прогласените листи со кандидати е помал од бројот на членови на националниот совет што се избира, Одборот заклучува електорско собрание и веднаш потоа донесува решение за прекин на постапката за избор на национален совет.

**Член 14.**

Доколку ниту една листа со кандидати не биде прогласена, Одборот го заклучува електорско собрание и веднаш потоа донесува решение за прекин на постапката за избор на национален совет.

**Член 15.**

По завршувањето на постапката прогласување на листите со кандидати, право да се обратат на електорското собрание, со излегување во времетраење од десет минути имаат сите носители на листи со кандидати, или лица кои тие ќе ги овластат, според редоследот на прогласување на листите со кандидати.

**Член 16.**

(1) По обраќањето на носителите на листи со кандидати, се пристапува кон гласање за избор на членови на националниот совет.

(2) Право на глас имаат електорите кои се сметаат присатни во смисла на член 6 став 5 од ова упатство.

(3) Одборот со прозивка ги повикува електорите да преземат гласачко ливче.

(4) Пред преземањето на гласачкото ливче, електорот се потпишува во соодветната рубрика за евиденција за присутни електори, како доказ дека примил гласачко ливче.

(5) Електорското собрание избира членови на националниот совет со примена на пропорционален систем, гласање за листи со кандидати.

(6) Гласањето трае сè додека не гласаат сите присатни електори со право на глас, а најдолго 120 минути.

(7) Гласањето е тајно, на гласачки ливчиња изготвени според образецот којшто го пропишува Комисијата.

(8) Гласачките ливчиња ги заверува Комисијата.

(9) За гласање се користи гласачка кутија изработена според Упатството за формата и димензиите на гласачката кутија („Службен весник на РС“, број 42/00).

(10) Се гласа само за една листа со кандидати, со запишување на името на носителот, односно бројот на листата со кандидати во гласачкото ливче.

(11) Гласачкото ливче од кое не може со сигурност да се утврди за кого е гласано ќе се смета како неважечко.

**Член 17.**

(1) Веднаш по извршувањето на гласањето, Одборот пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето.

(2) Право да присуствуваат на утврдување на резултатите од гласањето имаат сите присутни електори во смисол на член 6 став 5 од ова упатство.

**Член 18.**

(1) Утврдувањето на резултатите од изборот опфаќа утврдување на: бројот на електори кои присуствуваат на електорското собрание, според евиденцијата за присуство, број на електори коишто го преземале гласачкото ливче, број на гласачки ливчиња коишто се наоѓаат во гласачката кутија, број на неважечки гласачки ливчиња, број на важечки гласачки ливчиња, број на гласови коишто ѝ припаѓаат на секоја листа со кандидати и број на мандати коишто ѝ припаѓаат на секоја листа со кандидати.

(2) Статистичката обработка на резултатите од гласањето ги извршува претставник на Републичкиот завод за статистика.

**Член 19.**

(1) Одборот ги расподелува мандатите на членовите на националниот совет со примена на систем на најголем количник (Д`Онтов систем).

(2) Мандатите се расподелуваат така што вкупниот број на гласови којшто го добила секоја листа со кандидати, се дели со броевите од еден до заклучно со бројот на членови на националниот совет којшто се избира.

(3) Добиените количници се делат по големина, а во предвид се земаат онолку најголеми количници, колку што се избираат членови на националниот совет.

(4) Ако две или повеќе листи со кандидати добиваат исти количници врз основа на кои се доделува еден мандат, а нема повеќе нераспоределени мандати, мандатот ќе ѝ се додели на листата со кандидати којашто добила најголем број на гласови.

(5) Кога на листата со кандидати ќе и припаднат повеќе мандати отколку што на неа има кандидати за членови на националниот совет, мандатот ѝ се доделува на листата со кандидати којашто го има следниот најголем количник.

**Член 20.**

(1) Веднаш по утврдувањето на резултатите од гласањето, Одборот прави записник за работата на електорското собрание, на образецот пропишан од страна на Комисијата.

(2) Во записникот за работа на електорското собрание се внесуваат примедби на носителите на листите со кандидати и електори коишто не учествувале во предлагање на листите со кандидати.

(3) Записникот за работа на електорското собрание го потпишуваат сите членови на Одборот и сите носители на листите со кандидати.

(4) Доколку некои од носителите на листите со кандидати не сакал да потпише записник за работа на електорското собрание, тоа се констатира во записникот.

(5) Право на копија од записникот за работа на електорското собрание, заверена со печат на Комисијата, имаат сите носители на листите со кандидати.

**Член 21.**

Со врачувањето на копија од записникот за работа на електорското собрание се завршува електорското собрание.

**Член 22.**

(1) По завршувањето на електорското собрание, Одборот донесува решение за резултатите од гласањето, коешто содржи податоци од член 18 од ова упатство.

(2) Решението за резултатите од гласањето се објавува во „Службен весник на Република Србија“.

**Член 23.**

(1) Мандатите кои им припаѓаат на листите со кандидати според нивниот редослед на листата со кандидати, почнувајќи од првиот кандидат.

(2) Мандатот на членот на националниот совет со решение го доделува Одборот во рок од три дена од утврдување на конечните резултати од изборот.

(3) Решението за доделување на мандати на членовите на националниот совет, Одборот му го доставува на Министерството и го објавува во „Службен весник на Република Србија”.

(4) На кандидатите на коишто им се доделени мандати на членовите на националниот совет, Одборот им издава уверение за избор за член на националниот совет.

**Член 24.**

(1) Против секое решение на Одборот електорот може да изјави жалба до Комисијата во рок од три часа од донесување на решението.

(2) Комисијата одлучува за жалбата во рок од 12 часа од прием на жалбата.

(3) Против решението на Комисијата може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од три часа од прием на решението, а Управниот суд одлучува за тужбата во рок од 12 часа.

**Член 25.**

(1) Заинтересираните регистрирани здруженија чии цели се остваруваат во областа на избор и заштита на човековите и малцинските права, кои сакаат да ја следат работата на електорското собрание, поднесуваат пријава кај Комисијата најдоцна пет дена пред одржување на електорското собрание, на образец пропишан од Комисијата, со имиња на најмногу двајца полнолетни државјани на Република Србија коишто се пријавуваат за набљудувачи.

(2) Кон пријавата се приложува извод од Регистерот на здружението.

(3) Исполнетоста на условите за следење на работата на електорското собрание, претседавачот ја констатира на седницата на Комисијата, врз основа на извештајот на секретарот на Комисијата.

**Член 26.**

(1) Заинтересираните меѓународни и странски организации и здруженија коишто сакаат да ја следат работата на електорското собрание поднесуваат пријава кај Комисијата најдоцна десет дена пред денот на одржување на електорското собрание, на образец пропишан од страна на Комисијата, со имиња на најмногу две лица коишто се пријавуваат за набљудувачи и најмногу двајца преведувачи кои ќе бидат во придружба на пријавените набљудувачи.

(2) Пријавата од став 1 од овој член, Комисијата без одложување му ја доставува на министерството надлежно за надворешни работи, поради давање на мислење, кое е должно мислењето за пријава на Комисијата да го достави во рок од три дена од денот на неговиот прием.

(3) Во случај на позитивно мислење на министерството надлежно за надворешни работи, претседавачот, врз основа на извештајот на секретарот на Комисијата, на седницата на Комисијата констатира дека

на меѓународната или на странската организација, односно здружение ѝ е одобрено следење на работата на електорското собрание.

**Член 27.**

(1) Заинтересираните претставници на странските држави кои што сакаат да ја следат работата на електорското собрание, поднесуваат пријава до Комисијата, преку министерството надлежно за надворешни работи, најдоцна десет дена пред денот на одржување на електорското собрание, на образец пропишан од страна на Комисијата, со имиња на најмногу две лица коишто се пријавуваат за набљудувачи и најмногу двајца преведувачи кои ќе бидат во придружба на пријавените набљудувачи.

(2) Министерството надлежно за надворешни работи ја проследува пријавата од став 1 од овој член со мислењето на Комисијата во рок од три дена од денот на неговиот прием.

(3) Во случај на позитивно мислење на министерството надлежно за надворешни работи, претседавачот, врз основа на извештајот на секретарот на Комисијата, на седницата на Комисијата констатира дека на претставниците на странските држави им е одобрено следење на работата на електорското собрание.

**Член 28.**

(1) По констатацијата за исполнетост на условите за следење на работата на електорското собрание, Комисијата на подносителот на пријавата му издава соодветно овластување за следење на работата на електорското собрание, а на набљудувачите и на преведувачите им издава соодветни акредитации во коишто се запишуваат неопходните податоци од пријавата за набљудување.

(2) Трошоците за следење на работата на електорското собрание ги сносат поднесувачите на пријавите чии набљудувачи ги следат изборите.

**Член 29.**

(1) Во случај изборите преку електорско собрание да се одржуваат во исто време со директните избори за членовите на националните совети на националните малцинства, на постапката за пријавување на набљудувачи согласно се применуваат одредбите на директните избори за членовите на националните совети на националните малцинства, коишто го регулираат пријавувањето за следење на работата на Комисијата.

(2) Набљудувачите на кои Комисијата им го одобрила следењето на работата на Комисијата на спроведувањето на директните избори за членовите на националните совети на националните малцинства, имаат право да ја следат работата на електорското собрание без посебна пријава на Комисијата, со задолжително носење на соодветна акредитација.

**Член 30.**

(1) Комисијата со посебна одлука пропишува обрасци за вршење на изборни активности утврдени со закон и со ова упатство.

(2) Текстот на образецот за поднесување на листа на кандидати, текстот на гласачкото ливче, текстот на образецот на записникот за работата на електорското собрание и текстот за уверение за избор за член на националниот совет на националното малцинство се печатат на српски јазик, на кирилско писмо.

(3) Ако на електорското собрание се врши избор на членови на советот на националното малцинство чии јазик и писмо се во службена употреба во најмалку една единица на локалната самоуправа, текстовите за материјалот од став 2 од овој член, со исклучок на записникот за работа на електорското собрание, се печатат двојазично, односно и на јазикот и писмото на националното малцинство се печати под текстот на српски јазик, на кирилско писмо, во иста форма и со иста големина на буквите.

**Член 31.**

Ова упатство влегува во сила на денот на објавување во „Службен весник на Република Србија“.